изложба на фотографии

# BitMaP.WAV

Катарина Ристовска



Катарина Ристовска е родена на 17април 1980 година во Скопје. Дипломирала на Архитектонскиот факултет. Со уметничка фотографија се занимава од 1996 година, а почнува да изложува во 1998 година. Оттогаш учествува на бројни државни и меѓународни изложби и е добитник на неколку награди. Во 2003 година станува активен член на фото клубот „Елема".

На оваа самостојна изложба се претставува со 32 колор фотографии.

Поважни групни изложби

2005 20-та изложба на уметничка фотографија, Куманово 2005

2004 Меѓународната биенална изложба ФОТОМЕДИЈА

2004 Денови на Македонската фотографија, Охрид

2004 Изложба на балканска фотографија во Солун, во рамките на Balkan Square Festival

2004 Изложба на балканска фотографија организирана од германскиот институт за интернационална соработка

2003 18-та изложба на уметничка фотографија,Куманово 2003

2002 Меѓународната биенална изложба ФОТОМЕДИЈА

Награди

2005 Прва награда за поединечна фотографија на Денови на македонската фотографија, Штип 2005

2003 Прва награда за колекција фотографии на Денови на македонската фотографија, Кавадарци 2003

2002 Втора награда за колекција фотографии на Денови на македонската фотографија, Штип

1998 Прва награда за избор на фотографии на интернационална младинска изложба „13 Ноември"

контакт:
rina.kata@gmail.com

Звуцицач е ендемичен вид чие последно прибежиште е изложбата.
Текстостерон е хормон што го поттикнува растот на текстовите.

fool contact:
zvucicach@yahoo.com

## Сега може да ја чуете светлината

Софтверот чита (с)ликовни податоци од лево кон десно и ги пресметува/претвора во синусоидни звучни бранови  секоја линија на сликата ја одредува амплитудата на еден осцилатор во одредена стапка.




Една точка = еден звук
Вертикалната положба на еден пиксел/точка (picture element) ја одредува фреквенцијата, додека неговата хоризонтална положба одговара на времето.
Колку е посветла нијансата на бојата, толку е погласен звукот.
Црната не дава глас.
Црвената се слуша на левиот канал.
Зелената се слуша на десниот канал.
Жолтата дава еднаков звучен интензитет и на двата канали.
Портокаловата дава посилен звучен интензитет на левиот канал, а послаб на десниот.
Сината се користи за замачкување на звуците во шумови; значи:
еден звук + сино = шум.
Сите останати бои се резултат на комбинациите добиени од овие основни вредности.

Му благодариме на Размус Екнан што ја дизајнирал програмата **Коагула** и на Саше Тасев што ја симна од интернет.

Културен центар ТОЧКА, Илинденска 38, Скопје

**BitMaP.WAV**, изложба на фотографии, Катарина Ристовска

Дизајн: ТОЧКА ™

И ги сакам со сета жестокост нештата во кои звукот со светлина се меша. *Шарл Бодлер*

## Зошто излажба, а не концептуална шуметност?

Затоа што сакаме да ги замрсиме конците.
Затоа што концепцијата ни виси на конец.
Затоа што не сакаме сè да биде како под конец.
Затоа што не знаеме кој концерн ги држи/влече конците.
Затоа што црниот и црвениот конец не концилираат со белиот конец.
Затоа што не сакаме некој концесионер да ни ги фати конците.
Затоа што нема да добиеме конци-зен одговор пред да скинеме конци во овој конц-логор.

Тргнуваме од фотографиите како најавтентични копии на претпоставениот оригинал, како обид за заробување на светлината што паѓа врз предметите и се одбива од нивната површина. Сончевите зраци кондензираат и коагулираат во фабриката обликувајќи разнобојни конци. Може да се каже дека конците (оптегнати врз машините) потсетуваат на жици од расклопено/растурено пијано или некој друг инструмент. Може да се каже дека фотографирањето (во) пропаднатата фабрика укажува на нашиот индустриско/технолошки пристап кон излажбата. Може да се каже сè и сешто, но овие фотографии претставуваат суровина за производство на звуци, а не на зборови. И тоа не е обид за нивно толкување или превод од светлина во звук, туку звуците просто сапрофитираат врз или под сликите. Тука нема никаква симболичка врска, туку само замена на еден формат за дигитален запис со друг (BMP > WAV) - од фотографија во фонографија. Само колку да се употребат средствата, или само колку да им овозможиме на инструментите да нè инструментализираат. Само затоа што постои таков софтвер. Само колку да го истакнеме шумот и да го издигнеме на степен на изразно средство. Да уживаме во фетишумот што е присутен на/при секој обид за пренесување пораки. Да им овозможиме на културните потрошувачи да си здодевнуваат во галеријата со noise во заднината. Затоа што, за разлика од раните 80-ти, noise-от веќе не е директен напад врз маинстреам естетиката, туку сега претставува совршена позадина за (ш)уметнички излажби.

Текстостерон




The Shannon-Weaver Model

Културен центар ТОЧКА, Илинденска 38, Скопје

**BitMaP.WAV**, изложба на фотографии, Катарина Ристовска

Дизајн: ТОЧКА ™

И ги сакам со сета жестокост нештата во кои звукот со светлина се меша. *Шарл Бодлер*


HAUCK

Културен центар ТОЧКА, Илинденска 38, Скопје

**BitMaP.WAV**, изложба на фотографии, Катарина Ристовска

Дизајн: ТОЧКА ™

И ги сакам со сета жестокост нештата во кои звукот со светлина се меша. *Шарл Бодлер*



Културен центар ТОЧКА, Илинденска 38, Скопје

**BitMaP.WAV**, изложба на фотографии, Катарина Ристовска

Дизајн: ТОЧКА ™

И ги сакам со сета жестокост нештата во кои звукот со светлина се меша. *Шарл Бодлер*


BENNINGER

Културен центар ТОЧКА, Илинденска 38, Скопје

**BitMaP.WAV**, изложба на фотографии, Катарина Ристовска

Дизајн: ТОЧКА ™

И ги сакам со сета жестокост нештата во кои звукот со светлина се меша. *Шарл Бодлер*



Културен центар ТОЧКА, Илинденска 38, Скопје

**BitMaP.WAV**, изложба на фотографии, Катарина Ристовска

Дизајн: ТОЧКА ™

И ги сакам со сета жестокост нештата во кои звукот со светлина се меша. *Шарл Бодлер*



Културен центар ТОЧКА, Илинденска 38, Скопје

**BitMaP.WAV**, изложба на фотографии, Катарина Ристовска

Дизајн: ТОЧКА ™

И ги сакам со сета жестокост нештата во кои звукот со светлина се меша. *Шарл Бодлер*



Културен центар ТОЧКА, Илинденска 38, Скопје

**BitMaP.WAV**, изложба на фотографии, Катарина Ристовска

Дизајн: ТОЧКА ™

И ги сакам со сета жестокост нештата во кои звукот со светлина се меша. *Шарл Бодлер*



Културен центар ТОЧКА, Илинденска 38, Скопје

**BitMaP.WAV**, изложба на фотографии, Катарина Ристовска

Дизајн: ТОЧКА ™

И ги сакам со сета жестокост нештата во кои звукот со светлина се меша. *Шарл Бодлер*


29

Културен центар ТОЧКА, Илинденска 38, Скопје

**BitMaP.WAV**, изложба на фотографии, Катарина Ристовска

Дизајн: ТОЧКА ™

И ги сакам со сета жестокост нештата во кои звукот со светлина се меша. *Шарл Бодлер*



Културен центар ТОЧКА, Илинденска 38, Скопје

**BitMaP.WAV**, изложба на фотографии, Катарина Ристовска

Дизајн: ТОЧКА ™

И ги сакам со сета жестокост нештата во кои звукот со светлина се меша. *Шарл Бодлер*

организација: Контрапункт, Скопје
дизајн: Точка™
Контрапункт, контакти:
Илинденска 38, Скопје
тел. 02 3215494;
www.kontrapunkt-mk.org
info@kontrapunkt-mk.org
декември 2005, Културен центар Точка

Изложбата е дел од проектот
„Слевање на маргините“

organization: Kontrapunkt, Skopje
design: Tocka™
Kontrapunkt, contact:
Ilindenska 38, Skopje
tel. 02 3215494;
www.kontrapunkt-mk.org
info@kontrapunkt-mk.org
December, 2005, Cultural Center Tocka

This exhibition is part of the project
„Confluent margins“ supported by

Swiss Cultural Programme Macedonia

DEZA
DDC
DSC
SDC
COSUDE

PRO HELVETIA
Arts Council of Switzerland

www.pc-discount.com.mk